M☉S
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1580/1*
*07.03.2022 година*
*Ш т и п*

Согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ број 10/20) и глава 3 - точка 4 - Локален младински Совет од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на општина Штип број 01/03, 08/07, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Општина Штип објавува:

## Ј А В Е Н  П О В И К
## ЗА ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП

Општина Штип распишува јавен повик за членови на на Иницијативен одбор (ИО) Согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики.

Општина Штип ги повикува младинските организации, организациите за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот на млади, да номинираат свој член во Иницијативниот одбор за формирање на локално Собрание на млади на Општина Штип.

Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите за избор на Локалното собрание за млади, кое понатаму ќе ги избере претставниците на Локалниот младински Совет. Иницијативниот одбор ќе има пет члена кои ќе имаат улога да го формираат Локално собрание на млади. Времетраењето на ИО е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади. Општината е задолжена за нивна селекција и работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Штип.

Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

• Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС;

• Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност;

• Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

Задолжителни документи за номинирање на членови на ИО се:

• Портфолио на организацијата/групата/здружението, вклучувајќи извештај за активности со млади во изминатата година;

• Годишна програма за работа;

• Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор со контакт-информации;

• Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

Начин на пријавување:

Организациите својата апликација можат да ја испратат на адреса на Општина Штип, ул.„Васил Главинов„ 4б, со назнака „Номинација на член во Иницијативниот одбор за формирање на Локално собрание за млади на Општина Штип, или на следнава електронска адреса: gradonacalnik.shtip@gmail.com.

Рокот за пријавување е од 07.03.2022 година до 14.03.2022 година.

Најдоцна 5 дена по истекот на рокот за пријавување апликантите ќе бидат известени за резултатите од селекцијата и следните чекори.

Република Северна Македонија Општина Штип

**Општина Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner